ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ГАСТРОЕНТЕРОХЕПАТОЛОГИЈА
IPSH KLINIKA UNIVERSITARE PËR GASTROENTEROHEPATOLOGJI
Бр.-Nr. 04-828/9
30 10 20 26 год.-viti
СКОПЈЕ SHKUP

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и "Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/20 и 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24), Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас број 670/2026 со бр. 10-2004/11 и член 30 и член 31 од Статутот на Јавна здравствена здравствена установа Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија Скопје, в.д. Директор Проф. д-р Мери Трајковска на ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија Скопје, донесе

ОДЛУКА
за избор на кандидат за вработување на административен службеник
по Јавен оглас бр. 670/2026

1. По објавениот Јавен оглас број - 670/2026 за вработување на 1 (еден) извршител административен службеник на неопределено време во ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија-Скопје за работното место Советник за правни работи во Сектор за јавни набавки, со шифра ЗДР 0102В01003 СЕ ВРШИ ИЗБОР на кандидатот:

   - Снежана Андовска, со идентификациски код 7665F2A

2. По конечноста на оваа одлука горенаведениот избран кандидат ќе отпочне со работа по добивањето на решението за вработување односно по потпишувањето на Договорот за вработување со ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија-Скопје.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

Образложение

Врз основа на Барање за објавување на јавен оглас број 03-828/1 од 18.08.2026 год. и дополнувањата кон истото поднесени од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија-Скопје за објавување на Јавен оглас во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Кохоха, како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија од страна на Агенцијата за администрација на РСМ на ден 23.09.2026 година објавен е Јавен оглас број 670/2026 за вработување на административни службеници во ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија-Скопје.

Со решение број 10-2004/6 од 25.09.2026 год., Директорот на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, формира Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас бр.670/2026.

На ден 09.10.2026 год. во просториите на Агенцијата заза администрација е извршена административан селекција за административен службеник за што се состави Записник од извршена административна селекција за администстративен службеник бр.10-2004/7 од 09.10.2026 год.

По спроведената административна селекција на денен 22.10.2026 год. се спроведе испит за административен службеник и се состави Записник од спроведен испит за административен службеник бр. 10-2004/9 од 22.10.2026 год.

На ден 28.10.2026 год. спроведена е проверка на вероодостојност на докази и интервју за административен службеник констатирано во Записник од спроведена

проверка на веродостојност на докази и интервју за административен слуслужбеник бр.10-2004/10 од 28.10.2026 год.

Врз основа на доставениот предлог за вработување на кандидаатите по Јавен оглас бр.670/2026 бр.10-2004/11 од 28.10.2026 год. и Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција, ВД Директорот изврши избор на кандидатите како во диспозитивот на Одлуката.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок одод 8 (осум) дена од денот на објавувавањето на одлуката на веб страната и огласната табла на Агенцијата за администарција.

ЈЗУ Универзитетска клиника
За гастроентерохепатологија Скопје
В.д. Директор
Проф. Д-р. Мери Трајковска

Доставено до:
-избраните кандидати
-Агенција за Администрација
-архива